Општинско основно училиште „Браќа Миладиновци“-Куманово, врз основа на член 30, 31, 32, 108, 113 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20, 03/25 и 74/25) изготви

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА

## РАБОТА НА ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ - КУМАНОВО

## ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

## Содржина

I. Лична карта на училиштето......................................................................3

II.Подготвеност на училиштето за работа на почетокот на учебната година...........5

III. Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовната дејност... 6

IV. Планирање и реализација на наставата.............................................................6

V. Планирање и реализација на воннаставни активности........................................7

VI. Ученичко организирање и учество.....................................................................8

VII. Планирање и реализирање на вонучилишни активности...................................8

VIII. Грижа на училиштето за здравјето на учениците.............................................24

IX. Училишна клима..............................................................................................24

X. Соработка со локална средина, проекти и промовирање на училиштето..........24

XI. Следење и унапредување на образовната и воспитната работа.......................29

XII. Планирање и реализација на работата на органи на управување, стручните органи и тела, директор, пом. директор и стручните соработници.........................38

XIII. Успех на учениците на крајот на учебната година, бројна положба, изостаноци и поведение во редовна настава........................................................44

XIV. Педагошка евиденција и документација.........................................................50

XV. Заклучоци.....................................................................................................50

# I. Лична карта на училиштето

- **Услови во кои работеше училиштето**

ООУ „Браќа Миладиновци“-Куманово е лоцирано во центарот на градот и работи во иста училишна зграда со ООУ „Крсте Мисирков“ во различни смени.

Работи како централно училиште со две подрачни училишта во с.Пчиња и во с.Ст.Бара. Во состав на училиштето има посебни паралелки за ученици со посебни образовни потреби и Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост и истиот е дел од Ресурсен центар „Иднина“-Скопје.

Работи во пет училишни згради и опфаќа ученици од централното градско подрачје, реонот на Соколана, н.Средорек и селата Пчиња и Студена Бара кои се во состав на училиштето.

1. Централната училишна зграда се наоѓа на улицата „Народна Револуција“ бр.43 каде се сместени дваесет паралелки од предметна настава, четири паралелки од I одделение, четири паралелки од II одделение и една паралелка од III одделение.



2. Втората зграда се наоѓа на ул. „Тонко Димков“ бб во која се изведува настава за учениците од I до V одделение, за ученици кои припаѓаат на тој реон и останатите петти одделенија. Наставата ја посетуваат девет паралелки.

3. Третата зграда се наоѓа на ул.„Тане Георгиевски“ бб. Наставата се изведува за учениците од посебните паралелки во седум паралелки од III до IX одделение и седум паралелки од редовно второ и трето одделение или вкупно 15 паралелки. Во рамки на училиштето работи Центар за поддршка на учењето за ученици со попреченост во кој работат двајца дефектолози кои реализираат индивидуални третмани.

4. Четвртата зграда е подрачното училиште во с.Пчиња. Опфаќа ученици од селата што гравитираат кон тој реон од I до IX одд. со вкупно 9 паралелки.

5. Петтата зграда е лоцирана во с. Студена Бара во која работат 2 комбинирани паралелки од I до V одделение.

- **Опфатеност на ученици**

Во училиштето наставата се изведува на македонски наставен јазик и оваа учебна година опфатени се 1196 ученици во 63 паралелки и тоа:

### Централно училиште

| Одд. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Парал. | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 45 |
| ученици | 122 | 133 | 124 | 112 | 143 | 125 | 121 | 108 | 114 | 1102 |

### ПУ с.Пчиња

| Одд. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Парал. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 9 |
| ученици | 2 | 5 | 7 | 7 | 10 | 8 | 6 | 8 | 6 | 59 |

### ПУ с.Ст.Бара

| Одд. | II, III | IV,V | I-V |
|---|---|---|---|
| Парал. | 1 | 1 | 2 |
| ученици | 5 | 2 | 7 |

### Посебни паралелки

| Одд. | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Парал. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 7 |
| ученици | 3 | 3 | 4 | 6 | 3 | 2 | 7 | 28 |

Вкупен број на  ученици поделени по периоди на оценување:

- од I до III одделение има вкупно 19 паралелки, со вкупно 399 ученици,
- од IV до VI одделение  има вкупно 19 паралелки, со вкупно 407 ученици,
- од  VII до IX одделение има вкупно 18 паралелки, со вкупно 362 ученици,

- од III до IX одделение за ученици со посебни потреби има 7 паралелки со вкупно 28 ученици. Во III одделение 3 ученици, 13 ученика од IV до VI одд. и 12 ученици од VII до IX одделение.
Во училиштето има вкупно **1168** во редовни паралелки**, 28** во посебни паралелки или вкупно **1196** ученици на ниво на училиште.
Од вкупниот број на ученици во редовна настава 13 ученици се инклузирани со мислење на МКФ. Од нив 9 се во одделенска настава и 4 се во предметна настава. Сите работат по ИОП само една ученичка работи по модифицирана програма. Во работа со инклузираните ученици вклучени се 7 образовни асистенти.

- **Податоци за вработени и наставен кадар**

Во училиштето има вкупно **115** вработени и тоа: директор, пом.директор, 5 стручни соработници (педагог, психолог, библиотекар, социолог, дефектолог), 83 наставници (1 воспитувач, 31 одделенски наставници, 51 предметни наставници), 7 дефектолози кои работат во посебни паралелки и 3 во Центар за поддршка. Административни службеници се двајца и 16 се вработени како помошно-технички персонал. Од други училишта настава дополнуваат уште 7 наставници.
Сите часови по наставните предмети беа застапени со соодветен наставен кадар.
По сите наставни предмети наставата беше планирана според Наставен план и програма одобрена од Биро за развој на образованието.

## II.Подготвеност на училиштето за работа на почетокот на учебната година

Во училиштето се направени основни подготовки за почетокот на учебната година.
Училишниот објект во с.Пчиња комплетно е реновиран во летниот период со финансиска поддршка на општината. Со реновирањето на објектот направени се училници за секое одделение со што се создадени услови за едносменско работење. Поставени се клима уреди во секоја училница со што греењето на дрва е заменето со греење на електрична енергија.
Во училишната зграда во Соколана воведен е гас со поддршка на UNOPS и останува греење на пелети како алтернативен облик. Активностите ќе се реализираат во летниот период.
Добиен е проект од UNDP за изработка на енергетски ефикасна фасада на централната училишна зграда. Фасадата ќе биде изработена во летниот период.
Воведено е електронско читање на работното време на вработените во училиштето. Поставени се два читачи за електронско евидентирање на работното време во централната училишна зграда и во подрачното училиште во с.Пчиња.

Од проектот „Градење нови мостови“ реализиран со поддршка на OBSE ќе се добијат две смарт табли со држачи и два прожектори.
Од грантот на МОН за реализирање на активности од МИО добиени се два компјутери.

## III. Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовната дејност

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година е усвоена од страна на Училишниот одбор на седницата одржана на ден 12.08.2024 година.
Во текот на учебната година се работеше на следните цели и приоритетни активности :
1. Подобрување на работата со децата со посебни образовни потреби, надарени ученици и ученици со потешкотии во учењето.
2. Подобрување на квалитетот на наставата преку континуирана едукација на наставниот кадар.
3. Реновирање на постоечки објекти.

## IV. Планирање и реализација на наставата

***-Задолжителни предмети***
Наставата е планирана и реализирана според Наставниот план и програма за работа на училиштето. Реализирани се 98,72% од задолжителните предмети. Изборните предмети, одделенскиот час, дополнителната настава и додатната настава се реализирани според планираното.
-Странски јазици
Задолжителен странски јазик е англискиот јазик кој се изучува од прво до деветто одделение.

Како втор странски јазик учениците во VI, VIII и IX одделение изучуваат германски јазик, француски јазик и италијански јазик според претходно дадени изјави. Учениците во VII одделение изучуват француски јазик и италијански јазик. Во ПУ с.Пчиња се изучува француски јазик.

***- Изборни предмети***
Во четврто и петто одделение учениците изучуваа по два Слободни изборни предмети. Во шесто одделение ги изучуваа предметите Религиите во светот и Базични права и слободи на човекот, во седмо одделение ги изучуваат предметите Етика, Основи на туризмот во родниот крај, Основи на туризмот во нашата татковина и Истражување на родниот крај.

Проекти од информатика и Проекти од ликовно образование се изучуваа во осмо одделение. Програмирање и Проекти од музичка уметност се изучуваат во деветто одделение.
Според интересите, учениците од ромска националност од трето и четврто одделение го изучуваа предметот Јазик и култура на Ромите и учениците од српска националност од трето, четврто и петто одделение го изучуваа предметот Јазик и култура на Србите како изборен предмет.

## V.Планирање и реализација на воннаставни активности

- **Секции**

Општа цел на воннаставните ученички активности, организирани преку секции, е да се развиваат различните интереси на учениците, како и да се насочуваат сами, подлабоко во себе, да ги препознаат своите афинитети како услов за поефикасен и поефективен понатамошен развој.
Реализираат: спортски секции, литературна секција, ликовна секција, секции по странски јазици, млади физичари, математичка секција, млади биолози, историска, географска секција и библиотекарска секција.

- **Краткорочни воннаставни активности**

Беа реализирани повеќе краткорочни воннаставни активности и тоа: пет музички работилници „Ритмички игри" наменети за ученици од одделенска настава.
По предметот физичко и здравствено образование организирано е фудбал, футсал и кошарка со машки ученици од предметна настава, одбојка со ученички од предметна настава. Со ученици од III до IX одделение организирана е атлетика. Организирано е кошарка и одбојка со ученици од петто одделение. Учениците кои посетуваа спортски активности учествуваа на организирани натпревари.
Во организација на општината двајца наставници по физичко образование ја реализираа спортската активност пливање во затворен базен со 40 ученици пливачи од шесто до деветто одделение.
Наставници по географија реализираа гео-еко активности преку изработка на хамери од областа на географија и природни науки.

- **Акции**

Ова подрачје ги опфаќа активностите организирани за одбележување на поважни датуми од училишниот и секојдневниот живот, државни празници и еко акции.
За реализирање на Еколошки активности формирана е еко-секција, ЕКО ТИМ - со цел подигнување на еколошката свест кај учениците. Активностите се изведуваа преку спроведување на еко-акции, изработка на хамери, цртежи и ширење на еколошки пораки. Денот на екологијата е одбележан со повеќе различни еко-активности, засадување на садници, чистење на училишна зграда и двор.
Подмладокот на Црвен крст организираше активности за поддржување на хуманитарни акции. Во месец април Црвен крст на Куманово организираше општински натпревар по прва помош на кој учествуваа 6 ученици од училиштето.

## VI. Ученичко организирање и учество

Учениците се организираат на ниво на паралелка и во Ученички парламент.
На ниво на секоја паралелка се бираат членови на претседателство и комисии. Од избраните ученици од паралелките од VI до IX одделение се формира Ученички парламент.
Во проектот Промоција на безбедна училишна средина активно беа вклучени членовите на училишниот парламент. Членовите на училишниот парламент учествуваа во реализација на работилници, дебати, конкурси, планирање и изведба на претстава на тема „Булинг“.
Преку овие активности тие беа едуцирани како тимски да работат, соработуваат и планираат и поцелосно да бидат вклучени во работата на училиштето.
Учениците активно учествуваа во сите активности на училиштето за подобрување на училишната клима, почитување на правата на детето, изготвување на кодексот на однесување во училиштето, спроведување на ЕКО акции, борба против корупција, активности по повод патрониот празник и одбележување на значајни датуми од областа на историјата.
Членови на Ученичкиот парламент имаа можност да го посетат Собранието на Република Северна Македонија.
Во училиштето се бира ученички правобранител кој ги заштитува правата на учениците. Од редовите на Училишниот парламент се избираат двајца претставници со тајно гласање како претставници во Училишниот одбор на училиштето без право на глас.

## VII. Планирање и реализирање на вонучилишни активности

- **Ученички екскурзии**

Екскурзиите се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и заради спортување и рекреација. Оваа учебна година беше организирана еднодневна екскурзија во Скопје со ученици од III одделение, настава во природа во траење од четири дена со ученици од V одделение, дводневна екскурзија со ученици од VI одделение и тродневна екскурзија со ученици од IX одделение. Организирани се два еднодневни излети во месец октомври во Пелинце и во месец мај во Соколански парк.

- **Натпревари и освоени награди**

За афирмирање на училиштето, учениците под менторство на наставниците учествуваа на натпревари на повеќе нивоа.
Учениците зедоа активно учество на училишни, општински, регионални и меѓународни натпревари и конкурси на кои постигнаа забележителни резултати.

## Државни натпревари и освоени награди:

***Математика:***

1. Ева Саревска VI-4 одд. II награда **Ментори: С. Петринска, Б. Дамњановски**

***Математика:***

1. Марин Цониќ IX-3 одд. III награда **Ментор: Дафина Јосимовска**

***Шах:***

1. Михаил Милановски V-3 одд. I место **Ментор: Биљана Пеовска**

***Италијански јазик:***

1. Лана Трајковска VI-4 одд. II место **Ментор: Елизабета К. Костиќ**

***Ликовно образование:***

1. Меги Насковска IX-3 одд. I место

2. Ангела Трајковска IX-4 одд. I место **Ментор: Марина Ц. Мартиновска**

***Биологија:***

1. Дамјан Стојановски VII-2 одд. I награда
2. Инес Јовановска VII-3 одд. III награда
3. Петар Николовски VIII-5 одд. I награда
4. Константин Јосевски VIII-4 одд. III награда
5. Ања Петковска VIII-4 одд. III награда **Ментор:Татјана Тасевска**

***Биологија:***

1. Илина Кузмановска IX-3 одд. III награда
2. Марко Младеновиќ IX-3 одд. III награда
3. Мила Смиљковиќ IX-4 одд. III награда **Ментор: Зоран Стефановски**

***Природни науки:***

1. Марко Јаќимовиќ IV-1 одд. II награда
2. Масимо Милосављевиќ IV-1 одд. III награда
3. Јован Мицевски IV-1 одд. III награда
4. Андреј Ристовски IV-1 одд. III награда **Ментор: Милена Стефановска**

***Природни науки:***

1. Софија Величковска IV-2 одд II награда **Ментор: Емилија Кириловска**

***Природни науки:***

1. Алек Симоновиќ IV-3 одд. I награда

2. Ева Арсовска IV-3 одд. III награда **Ментор: Бранкица Лититарова**

***Природни науки:***

1. Инес Добри - V-3 одд. I награда
2. Емил Ивановски - V-1 одд. I награда
3. Милица Митевска - V-3 одд. II награда
4. Стефан Тасев - V-4 одд. II награда
5. Немања Блашковиќ - V-4 одд. II награда
6. Илина Саревска - V-1 одд. III награда
7. Ѓорѓи Златановски - V-2 одд. III награда
8. Саша Георгиевска - V-2 одд. III награда **Ментор: Гордана Јовановска**

## Регионални натпревари и освоени награди:

***Математика:***

1. Марин Цониќ IX-3 одд. I награда **Ментор: Дафина Јосимовска**

***Математика:***

1. Мина Крстевска VII-3 одд. III награда
2. Јаков Хрдличка VII-3 одд. III награда **Ментор: Гордица Миленковска**

***Математика:***

1.Ева Саревска VI-4 одд. III награда **Ментори: С. Петринска, Б. Дамњановски**

***Француски јазик:***

1. Јована Миташевска, VIII-4 одд. 2 место
2. Каролина Денковска, VII-3 одд.

Награда за најдобро видео во категорија на седми одделенија на натпревар во изразно читање од Француски Институт;

**Ментор:Елизабета Костадиновска Костиќ**

***Италијански јазик:***

1. Елена Станојковска  VI-4 одд.   I место
2. Лана Трајковска   VI-4 одд.   II место
3. Јан Вуковиќ    VI-4 одд.   I место   **Ментор: Елизабета К. Костиќ**

***Природни науки:***

1. Ерика Петковска IV-5 одд.   II награда   **Ментор: Виолета Николовска**

***Природни науки:***

1. Марко Јаќимовиќ  IV-1 одд.   II награда
2. Масимо Милосављевиќ IV-1 одд.   II награда
3. Јован Мицевски  IV-1 одд.   II награда
4. Андреј Ристовски IV-1 одд.   II награда
5. Богдан Величковски  IV-1 одд.   III награда   **Ментор: Милена Стефановска**

***Природни науки:***

1. Алек Симоновиќ  IV-3 одд.   I награда
2. Ева Арсовска IV-3 одд.   I награда
3. Лазар Петкутински IV-3 одд.   III награда
4. Лена Трајковска IV-3 одд.   III награда
5. Исидора Костовска IV-3 одд.   III награда   **Ментор: Бранкица Лититарова**

***Природни науки:***

1. Софија Величковска IV-2 одд.   2 награда
2. Миа Цветковска IV-2 одд.   3 награда
3. Дарија Орозовиќ IV-2 одд.   3 награда
4. Ена Кимевска Спасевска IV-2 одд.   3  награда
5. Тара Алексиќ  IV-2 одд.   3 награда   **Ментор: Емилија Кириловска**

***Природни науки:***

1. Ерика Петковска  IV-5 одд.   II награда   **Ментор: Виолета Николовска**

### *Биологија:*

1. Инес Јовановска VII-3 одд. II награда
2. Каролина Денковска VII-3 одд. II награда
3. Дамјан Стојановски VII-2 одд. II награда
4. Теа Заревски VII-4 одд. III награда
5. Зорана Јосевска VII-3 одд. III награда
6. Мина Крстевска VII-3 одд. III награда
7. Јаков Хрдличка VII-3 одд. III награда
8. Михаил Стојмановски VII-1 одд. III награда
9. Ања Петковска VIII-4 одд. II награда
10. Константин Јосевски VIII-4 одд. II награда
11. Михаил Лититаров VIII-3 одд. II награда
12. Дора Ивановска VIII-2 одд. II награда
13. Петар Николовски VIII-5 одд. II награда
14. Дарко Златановски VIII-3 одд. III награда
15. Кјара Ивановска VIII-3 одд. III награда
16. Клара Петрушевска VIII-2 одд. III награда
17. Константин Величковски VIII-4 одд. III награда
18. Никола Бојковски VIII-1 одд. III награда **Ментор:Татјана Тасевска**

### *Биологија:*

1. Агнес Гонџа Вуковиќ IX-1 одд. II награда
2. Јован Мартиновски IX-1 одд. II награда
3. Илина Кузмановска IX-3 одд. II награда
4. Марко Младеновиќ IX-3 одд. II награда
5. Мила Смиљковиќ IX-4 одд. II награда

6. Стефани Спасовска IX-2 одд. III награда
7. Аника Стефановска IX-2 одд. III награда
8. Теа Петрушевска IX-5 одд. III награда
9. Христина Ралиќ IX-4 одд. III награда
10. Петар Величковски IX-1 одд. III награда
11. Ева Јовановиќ IX-1 одд. III награда
12. Петар Величковски IX-1 одд. III награда **Ментор: Зоран Стефановски**

***Физика:***

1.Марин Цониќ IX-3 одд. III награда **Ментор: Валентина Павловска**

***Хемија:***

1. Марин Цониќ IX-3 одд. I награда
2. Теа Петрушевска IX-5 одд. I награда
3. Петар Николовски VIII-5 одд. I награда **Ментор: Анета Д. Станојковска**

## Општински натпревари и освоени награди:

***Математика:***

1. Марин Цониќ од IX-3 одд. I награда **Ментор: Дафина Јосимовска**

***Математика:***

1. Јаков Хрдличка VII-3 одд. III награда
2. Дарио Костовски VII-3 одд. III награда **Ментор: Гордица Миленковска**

***Математика:***

1. Марко Јаќимовиќ IV-1 одд. II награда
2. Јања Талевски IV-1 одд. II награда **Ментор: Милена Стефановска**

***Математика:***

1. Коста Хрдличка IV-2 одд. II награда

2. Софија Ивановска IV-2 одд. III награда
3. Петар Зафировиќ IV-2 одд. III награда **Ментор: Емилија Кириловска**

### *Математика:*

1.Теодор Петковски V-3 одд. III награда
2.Јован Ордомански V-3 одд. II награда **Ментор: Биљана Пеовска**

### *Математика:*

1. Немања Блашковиќ V-4 одд. III награда **Ментор: Анкица Каранфилова**

### *Математика:*

1. Ева Саревска VI-4 одд. III награда **Ментори:С. Петринска, Б. Дамњановски**

### *Македонски јазик:*

Организирано литературно творење по повод Денот на жената, на тема „Мајка“ (поезија)

1. Дуња Ѓорѓевиќ III-5 одд. 2 место
2. Леонид Крстевски III-5 одд. 3 место **Ментор: Јадранка Јосковска**

### *Македонски јазик:*

1. Сара Вукановиќ IV-1 одд. 1 место
2. Андреј Ристовски IV-1одд. 2 место **Ментор: Милена Стефановска**

### *Македонски јазик:*

1. Миа Цветковска IV-2 одд. 1 место
2. Софија Величковска IV-2 одд. 1 место **Ментор: Емилија Кириловска**

ЗОН УЧИТЕЛ И ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОСВЕТНИ РАБОТНИЦИ НА ТЕМА „Стиховите ваши ги топлат срцата наши“.

1. Софија Величковска IV-2 одд. 2 место **Ментор: Емилија Кириловска**

***Македонски јазик:***

1.Јоана Милосковски IV-4 одд. 2 место **Ментор: Ивана Ралиќ**

***Македонски јазик:***

1. Дафина Геровска V-2 одд. 1 место
2. Илија Божиновски V-2 одд. 2 место **Ментор: Марија Клековска**

***Македонски јазик:***

1. Уна Ристиќ V-3 одд. 1 место
2. ЛуцијаТоневска V-3 одд. 1 место **Ментор: Биљана Пеовска**

***Македонски јазик:***

1. Лена Трајковска IV-3 одд. 3 место

Литературно творење (поезија) по повод Денот на жената

**Ментор: Бранкица Лититарова**

***Италијански јазик:***

1. Лана Трајковска VI-4 одд. I место
2. Елена Станојковска VI-4 одд. II место
3. Ева Саревска VI-4 одд. III место
4. Јан Вуковиќ VII-4 одд. I место
5. Дарија Драгевска VII-4 одд. II место **Ментор: Елизабета К. Костиќ**

***Историја:***

1. Лазар Трајковски VIII-2 одд. 1 место
2. Леон Митевски IX-4 одд. 2 место **Ментор: Мартин Серафимовиќ**

***Природни науки:***

1. Марко Јаќимовиќ IV-1 одд. I награда
2. Илина Алексовска IV-1 одд. II награда
3. Масимо Милосављевиќ IV-1 одд. II награда
4. Јован Мицевски IV-1 одд. II награда
5. Андреј Ристовски IV-1 одд. III награда
6. Катја Михајловска IV-1 одд. III награда
7. Богдан Величковски IV-1 одд. III награда **Ментор: Милена Стефановска**

***Природни науки:***

1. Миа Цветковска IV-2 одд. I награда
2. Софија Величковска IV-2 одд. II награда
3. Ена Кимевска Спасевска IV-2 одд. II награда
4. Тара Алексиќ IV-2 одд. II награда
5. Дарија Орозовиќ IV-2 одд. II награда **Ментор: Емилија Кириловска**

***Природни науки:***

**1.** Ерика Петковска IV-5 одд. II награда **Ментор: Виолета Николовска**

***Природни науки:***

1. Лазар Веселиновски IV-4 одд. II награда
2. Каја Веселиновски IV-4 одд. III награда
3. Јован Стојковски IV-4 одд. III награда
4. Василије Митровиќ IV-4 одд. III награда **Ментор: Ивана Ралиќ**

***Природни науки:***

1. Алек Симоновиќ IV-3 одд. I награда
2. Лазар Петкутински IV-3 одд. II награда
3. Лена Трајковска IV-3 одд. III награда
4. Ева Арсовска IV-3 одд. III награда

5. Немања Корица IV-3 одд. III награда
6. Исидора Костовска IV-3 одд. III награда **Ментор: Бранкица Лититарова**

***Природни науки:***

1. Милица Митевска V-3 одд. I награда
2. Инес Добри V одд. I награда
3. Стефан Тасев V-4 одд. I награда
4. Емил Ивановски V-1 одд. I награда
5. Леона Бојковска V-2 одд. I награда
6. Илина Саревска V-1 одд. I награда
7. Јоаким Антевски V-5 одд. II награда
8. Луција Тоневска V-3 одд. II награда
9. Немања Блашковиќ V-4 одд. II награда
10. Димитра Ташевска V-1 одд. II награда
11. Јаков Јовановиќ V-3 одд. II награда
12. Јован Ордомански V-3 одд. II награда
13. Антонио Борчевски V-6 одд. II награда
14. Борјан Кузмановски V-2 одд. II награда
15. Ѓорѓи Златановски V-2 одд. II награда
16. Ева Груевска V-4 одд. II награда
17. Лаура Младеновиќ V-3 одд. II награда
18. Викторија Трајковска V-6 одд. III награда
19. Едит Вуковиќ V-5 одд. III награда
20. Ива Стојановиќ V-5 одд. III награда
21. Софија Трендевска V-6 одд. III награда
22. Саша Георгиевска V-2одд. III награда
23. Константин Денковски V-5 одд. III награда
24. Вања Панев V-4 одд. III награда
25. Теодора Цимковска VI-6 одд. I награда
26. Дамјан Чалевски VI-6 одд. III награда **Ментор: Гордана Јовановска**

***Природни науки:***

1. Лана Трајковска VI-4 одд. I награда

2. Дамјан Ивановски VI-4 одд. I награда
3. Клеа Георгиевска VI-1 одд. I награда
4. Ева Саревска VI-4 одд. I награда
5. Дарија Младеновска VI-1 одд. I награда
6. Јаков Тасевски VI-5 одд. I награда
7. Андреј Величковски VI-1 одд. I награда
8. Огнен Цветковски VI-1 одд. II награда
9. Лана Крстевска VI-1 одд. II награда
10. Симон Трајковски VI-2 одд. II награда
11. Марко Станковски VI-2 одд. III награда
12. Јохан Арсиќ VI-2 одд. III награда
13. Силвана Сулејмановска VI-2 одд. III награда
14. Хелена Јовчевски VI-1 одд. III награда **Ментор:Зоран Стефановски**

***Биологија:***

1. Инес Јовановска VII-3 одд. I награда
2. Каролина Денковска VII-3 одд. II награда
3. Давид Денковски VII-3 одд. III награда
4. Мина Крстевска VII-3 одд. III награда
5. Јаков Хрдличка VII-3 одд. III награда
6. Андреј Тоневски VII-3 одд. III награда
7. Зорана Јосевска VII-3 одд. III награда
8. Теа Заревски VII-4 одд. III награда
9. Дамјан Стојановски VII-2 одд. III награда

1. Ања Петковска VIII-4 одд. I награда
2. Константин Јосевски VIII-4 одд. II награда
3. Михаил Лититаров VIII-3 одд. II награда

4. Дарко Златановски  VIII-3 одд.  II  награда
5. Дора Ивановска  VIII-2 одд.  II награда
6. Петар Николовски  VIII-5 одд.  II награда
7. Клара Петрушевска VIII-2 одд.  III награда
8. Кјара Ивановска VIII-3 одд.  III награда
9. Константин Величковски VIII-4 одд. III награда
10. Никола Бојковски VIII-1 одд.  III награда  **Ментор: Татјана Тасевска**

***Хемија:***

1. Петар Николовски  VIII-5 одд.  I награда
2. Марин Цониќ IX-3 одд.  I награда
3.Теа Петрушевска  IX-5 одд.  I награда  **Ментор: Анета Д. Станојковска**

***Ликовно  образование:***

1. Мила Нојковска VI-3 одд.  2 место  **Ментор: Марина Ц. Мартиновска**

***Физичко и здравствено образование:***

**Атлетика**

1. Јан Вуковиќ  1 место  600 метри
2. Марко Павловски  3 место  600 метри

**Крос трка**

1. Јан Вуковиќ  1 место  600 метри
2. Лазар Павловиќ  3 место  600 метри  **Ментор: Бојан Трајковски**

**ПРОЛЕТЕН  УЧИЛИШЕН  КРОС**

1. Дамјан Спирковски III одд.  1  место
2. Јована Станојковска  IV одд.  2 место

3. Давид Анѓеловски III одд.  3 место.  **Ментор: Марија М.Андевска**

**Општинска лига Одбојка 6-7одд.**  3  место

Марија Георгиевска VII-4одд.
Климентина Ралиќ VII-4одд.
Мила Наковска VII-4одд.
Бојана Минковска VII-4одд.
Нина Лазаревска VII-1одд.
Леонтина Петрушевска VII-4 одд.
Каролина Јовановиќ VI-1одд.
Лаура Саревска  VI-1 одд.
Лина Георгиевска VI-1 одд.
Нина Стојановска VI-2 одд.
Лара Кицара VI-5 одд.
Сара Кицара VI-5 одд.
Ана Ристовски VI-5одд.
Илина Величковска VI-5 одд.
Лана Владов VII-1одд.  **Ментори: Зоран Јосимовски и  Милош Михајловски**

**Општински напревар Атлетика**

1. Анисија Тречиќ  1-место (60м спринт)
2. Сергеј Накиќ  2-место (60м спринт)
**3.** Борјан Кузмановски  3-место  ( 60м спринт )  **Ментор: Милош Михајловски**

**Атлетска трка по повод Кирил и Методиј**

2-место(штафета 4x50 м машки и женски)
1. Марко Петровиќ V-2 одд.
2. Сергеј Накиќ V-3 одд.
3. Анисија Тречиќ V-2 одд.
4. Стефани Соколовиќ V-2 одд.  **Ментор: Милош Михајловски**

Табеларен приказ на освоени награди по предмети

| Наставни предмети | Општински натпревари | | | Регионални натпревари | | | Државни натпревари | | | Меѓународни натпревари | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III |
| Македонски јазик | 6 | 5 | 2 | | | | | | | | | |
| Математика | 1 | 4 | 7 | 1 | | 3 | | 1 | 1 | | | |
| Хемија | 3 | | | 3 | | | | 1 | | | | |
| Италијански јазик | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | | | | | | | |
| Француски јазик | | | | | 1 | | | | | | | |
| Шах | | | | | | | 1 | | | | | |
| Физика | | | | | | 1 | 1 | | | | | |
| Биологија | 2 | 6 | 11 | | 13 | 17 | 2 | | 6 | | | |
| Природни науки | 17 | 24 | 21 | 2 | 7 | 8 | 3 | 5 | 7 | | | |
| Ликовно образование | | 1 | | | | | 2 | | | | | |
| Историја | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| ФЗО | 4 | 3 | 5 | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **36** | **46** | **47** | **8** | **22** | **29** | **9** | **8** | **14** | **0** | **0** | **0** |

Освоени се вкупно 129 општински награди од кои 36 први, 46 втори и 47 трети награди. На регионално ниво освоени се вкупно 59 награди од кои 8 први, 22 втори и 29 трети награди. На државно ниво освоени се вкупно 31 награди од кои 9 први, 8 втори и 14 трети награди. На ниво на училиштето освоени се вкупно 219 награди.

- **Меѓуетничка интеграција во образованието**

Активностите од меѓуетничка интеграција во образованието се реализирани во соработка со ООУ „Бајрам Шабани“-Куманово.
Добиен е проектот „Градење нови мостови“ со поддршка на OPSE.
Овој проект има за цел градење инклузивни општества преку почитување, толеранција, дијалог и соработка создавајќи клима на меѓусебна доверба и разбирање.
Реализирани се заеднички наставни часови со партнер училиштето ООУ„Бајрам Шабани-Куманово во период од септември до мај по 9 наставни часови со ученици од II-5, III-3, IV-4 и V-4 одделение.
Одржани се заеднички наставни часови со ученици од II-5 одделение по предметот ликовно образование. Вклучени се вкупно 17 ученици: 7 машки и 10 женски ученици. Заеднички наставни часови со ученици од III-3 одделение по предметот ликовно образование. Вклучени се вкупно 30 ученици: 13 машки и 17 женски ученици. Заеднички наставни часови со ученици од IV-4 одделение по предметот англиски јазик. Вклучени се вкупно 15 ученици: 6 машки и 9 женски ученици. Заеднички наставни часови со ученици од V-4 одделение по предметот физичко образование. Вклучени се вкупно 21 ученици: 9 машки и 12 женски ученици.
Добиен е грант од МОН за реализирање на ликовна секција и спортски активности. Ликовната секција е реализирана со ученици од IV-5 одделение и инклузирани ученици. Во месец март е организирана осмомартовска работилница, во април е реализирана работилница за изработка на маски и прошетка на градскиот плоштад и во јуни е реализирана ликовна активност слободно творење.
Спортски активности се реализирани со ученици од IV-4 одделение и тоа две спортски активности. Во април се одржани игри без граници на спортското игралиште во училиштето и во мај спортски активности на атлетска стаза во Соколана.
Секој наставник интегрира часови од МИО при реализација на наставните содржини.

- **Антикорупциска едукација во образованието**

Со мотото „Корупција–ја сечеш гранката на која што седиш“, се реализираа активности преку кои учениците стекнаа основни знаења дека таа е негативна појава во општеството.
Со учениците од деветто одделение беа реализирани предавања, работилници и изработени се постери и хамери за антикорупциска едукација. Учениците од деветто одделение изработија Едукативна презентација под мото*,,Стоп за корупцијата за подобра иднина“.*

Со ученици од петто одделение е одржана работилница-изведба на драмски сегмент на тема: „Мојата борба со корупција“ .
Со пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на активностите и по нивното завршување, се следеше усвојувањето на знаењето од областа на антикорупција.

## VIII. Грижа на училиштето за здравјето на учениците

Здравствената заштита и здравственото воспитување во училиштето се насочени кон формирање на здрава личност способна да се грижи за своето здравје и за здравјето на своето семејство, поблиската околина и заедница. Активностите од ова подрачје во редовната настава се реализираа на одделенските часови и во рамките на наставните предмети чии наставни содржини обработуваат теми од областа на здравјето. Организирани беа и редовни систематски прегледи, посета на стоматолог и вакцинација според Календарот за имунизација.

## IX. Училишна клима

Училиштето води грижа за односот и комуникацијата на сите структури вклучени во училиштето преку изготвен кодекс и правила на однесување.
Посебен акцент беше ставен на односот помеѓу учениците и намалување на врсничкото насилство. Реализирани се работилници од областа на конфликти од страна на одделенски наставници и стручни соработници. Сите стручни соработници во текот на учебната година реализираа работилници за намалување на врсничко насилство.

## X. Соработка со локална средина, проекти и промовирање на училиштето

Соработката со локална средина се одвиваше преку соработка со општината, институциите од областа на образованието и другите училишта.
Училиштето соработува со општината при следење на насоките за организирање и реализирање на воспитно-образовната работа, спроведување на проектни активности, учество на организирани манифестации и одбележување на значајни датуми на ниво на општината. Соработуваше со институциите од областа на образованието, МОН, ДПИ, БРО, ДИЦ при спроведување на дадени насоки, спроведување на законски регулативи, доставување на барани податоци, учество

на организирани обуки. Извршен е контролен инспекциски увид од страна на претставник на ДПИ на 20.05.2025 година.
Соработката со институции од областа на културата беше реализирана преку посета на театарски претстави, посети на Градска библиотека „Тане Георгиевски", посета на Историски музеј и Галерија на градот. Со Центар за социјални работи и СВР Куманово соработуваше при решавање на проблеми со редовност и несоодветно однесување во поединечни случаи.

-**Во текот на оваа учебна година беа реализирани следниве проекти:**

1. Проектот **„Безбедни училишта"** е реализиран во соработка со СВР Куманово. За реализирање на активностите беа формирани училишни тимови составени од ученици, наставници и родители. Посветено е големо внимание на превенција на врсничко насилство.
2. Проектот **„Градење нови мостови"** е реализиран со поддршка на OPSE.
Овој проект има за цел градење инклузивни општества преку почитување, толеранција, дијалог и соработка создавајќи клима на меѓусебна доверба и разбирање.
Реализирани се заеднички наставни часови со партнер училиштето ООУ„Бајрам Шабани"-Куманово во период од септември до мај по 9 наставни часови од секое вклучено одделение. Беа вклучени ученици од II-5 одделение по предметот ликовно образование, ученици од III-3 по предметот ликовно образование, ученици од IV-4 по предметот англиски јазик и ученици од V-4 одделение по предметот физичко образование.

3.**Проектот–Промоција на младински активизам во мултиетнички заедници** е имплементиран од страна на Центарот за интеркултурен дијалог.
Цел на проектот е да се промовира младинскиот активизам и дијалог во мултиетничките заедници.
Во рамките на проектот организирани се две активности за ученици од ООУ„Браќа Миладиновци"-Куманово и ООУ„Наим Фрашери"-Куманово. Првата активност беше работилница која се одржа во месец мај на која беа обезбедени материјали за имплементирање на иницијативите креирани од младите учесници во проектот. Овие иницијативи се насочени кон поттикнување на социјална кохезија, интеркултурен дијалог, унапредување на човековите права и градење доверба во заедницата. Втората активност се одржа во Берово со 20 ученици од деветто одделение во траење од 3 дена. Учениците активно учествуваа на работилници и ја следеа обуката под мото „Промовирање на младински активизам во мултиетнички општества".
Овие настани на младите им нудат можност да градат нови вештини, да запознаат врсници од различни етнички заедници, заедно да се дружат и да градат нови

знаења и пријателства и да се запознаат со неформалното образование како алатка која може да биде клучна во нивниот личен развој.

4. Во рамките на проектот **„Превенција од насилен екстремизам и врсничко насилство”** со поддршка на “Центарот за толеранција и доживотно учење” од Скопје, се одржаа повеќе активности на кои нашето училиште зема учество со претставници од редот на наставници, стручна служба, ученици и родители. Координатор на проектот е Ивана Денковиќ.
Реализирани се работилници со ученици од осмите одделенија, родителски средби за координација и известување за текот на проектот на која присуствуваа наставници и стручна служба. Како завршна активност е седумдневен камп во Струга, хотел „Галеб”, кој оваа година е одржан од 22.06.2025 до 28.06.2025 година. На кампот учествуваа осум ученици од нашето училиште под менторство на координаторот на проектот.

5. Проектот **„Промоција на безбедна училишна средина“** се реализира од октомври 2024 година и е во траење од две години.
Проектот е реализиран со поддршка на Коалиција Сега, ЕдуЛаб, Смартап, Првата детска амбасада Мeѓаши, Македонски центар за граѓанско образование и од Детската фондација Песталоци-Швајцарија.
Во проектот активно беа вклучени членовите на училишниот парламент и учениците беа обучени како тимски да работат, соработуваат и планираат. Во соработка со локалниот ментор Александра Павловска беа одржани три работилници. Беше распишан литературен и ликовен конкурс и изведена е претстава на тема „Булинг“ од страна на ученици од училишен парламент. Организирана е дебата на тема „Конфликти и решавање на конфликти“ со претставници од училишен парламент и вработени во училиштето.
Осум ученици заедно со кординаторот на проектот Анита Милановска имаа можност од 11.03.2025 до 26.03.2025 година да престојуваат во детското село Песталоци - Троген во Швајцарија. Преку работилници и курсеви, учениците се стекнаа со вештини да се слушаат едни со други, да планираат заедно, да работат во групи и да мислат заедно за да дојдат до целта.
Наставниците и стручните соработници со поддршка од СмартАп следеа дигитални курсеви за употребата на ИКТ во наставниот процес и за поддршката на ученичкото учество и заштита. Од сите активности кои беа реализирани во текот на учебната година е изработена презентација.

- **Промовирање на училиштето и учество на настани**

Училиштето реализира активности за промовирање во општината и пошироко преку организирање на работилници, натпревари, свечености поврзани со значајни датуми.

- Со свечен прием на првачињата на први септември со пригодна приредба започна учебната година во училиштето.
- По повод детска недела одржани се спортски активности и работилници. На 04.10.2024 година беше организиран свечен прием на учениците од прво одделение во  Детската организација.
- На 07.10.2024 година учениците од нашето училиште присуствуваа на "Шри Чинмој трка на мирот и единство" на градскиот плоштад и го понесоа факелот на мирот.
Трката на мирот ја симболизира надежта за мир во светот што сите ние ја негуваме. Ги потсети учениците на потребата на сите нации да коегзистираат во мир и на важноста на хармонијата во светот за нашата планета.“
- Организиран е еднодневен излет во Пелинце на 10.10.2024 година со ученици од III до IX одделение.
- Во организација на ОСБСП Куманово, СВР Куманово и Вело М беше реализирана традиционалната манифестација велосипедската трка по повод денот 11-ти Октомври. Учество зедоа сите училишта, меѓу кои и ученици од нашето училиште
- Одбележан е светски ден на здрава храна на 18 октомври преку запознавање на учениците со потребата од употреба на здрава храна.
- Одржана е ликовната работилница ,,Заедно за безбедно детство" во соработка со СВР Куманово на 17.10.2024 и 19.10.2024 г. на тема „СТОП за трговија со деца и СТОП за булинг“.
- На 31.10.2024 година, се одржа првата работилница во рамки на проектот “Превенција од екстремизам и врсничко насилство” каде што учениците решаваа различни конфликти од секојдневието и ги искажуваа своите чувства во врска со истите.
- Одбележан е 20 Ноември-Светски ден на детето со ученици од одделенска настава преку изготвување на ликовни изработки.
- На 28.11.2024 година беше одржана работилница од страна на народниот правобранител Гордана Тренчевска Ристовска со ученици членови на ученичкиот парламент и стручната служба во училиштето. Темата на работилницата беше: Конвенција за правата на децата и народниот правобранител како механизам за заштита на правата на децата.
- На 29 ноември ученици од IV одделение беа во посета на Музеј Куманово и Уметничка галерија Куманово
- Одржана е работилница по повод 3 Декември-Меѓународен ден на лицата со попреченост под мото: „Да ги отвориме срцата за љубов“.
- На 5 декември во Градски парк нашите ученици доброволци од деветти одделенија зедоа учество во садење на дрвја во рамки на проектот „ЕУ за чист воздух”, спроведуван од Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги.
- UNOPS, во соработка со Одделението за стратешко планирање, креирање

политики, следење и локален економски развој (ЛЕР) и Одделението за заштита на животната средина и природата при Општина Куманово.
- Со организаторите од Аутомакедонија АД Скопје, во соработка со Сектор за образование и Одделение за заштита на животна средина и природа од општина Куманово, еко тимот на учениците од II, III и IV одд. промотивно се возеа со електричен автобус и изработија ликовни творби на тема ,,Еколошки автобус“.
- На 14.03.2025 година е одбележан Светски ден на бубрегот-„Дали вашите бубрези се во ред“ со организирање на работилница и презентација од DIAVERUM од Куманово. Беа вклучени ученици од III-3, IV-3 и V-4 одделение.
- Денот на екологијата, 21. Март, со бројни активности се одбележа и во нашето училиште. Целта беше зајакнување на еколошката свест кај учениците и создавање навики за чиста и здрава животна средина.
- Одбележан е ,,Ден на водата" со посета на Филтер станица-ЈП Водовод и одржан е едукативен час од страна на лаборантот Јасмина Симоновска.
- Училиштето учествуваше на настанот ,,Рели на Франкофонијата" - забавна, но истовремено и едукативна активност во која учествуваа учениците од петтите одделенија од повеќе основни училишта од градот, а е во организација на Општина Куманово и Француски институт во Скопје, а анимирана од учениците од Гимназијата „Гоце Делчев".
- На ден 15 април во Центарот за поддршка на ученици со попреченост при нашето училиште, беше реализирана првата од двете планирани инклузивни работилници за ученици од ООУ„Христијан Карпош”, ООУ„Наим Фрашери” и ученици од центарот, како дел од проектот “Инклузија на деца со ПОП” кој е поддржан од Здружението „Отворете ги прозорците“ од Скопје и Детската фондација Песталоци од Скопје, под мото „Две религии-едно пријателство”.
- На ден 16 април во нашето училиште во присуство на Друштвото на писатели од Куманово нашите ученици од објектот Соколана се претставија со свои литературни творби и рецитации. На присутните ученици, наставници и социологот од училиштето им се обрати и претседателката на здружението Елизабета Павловска, како и писателките кои прочитаа нивни литературни творби.
- На ден 17 април организирани се Велигденски работилници и натпревар за најкреативно велигденско јајце.
- На ден 23 април во Центар за поддршка на ученици со попреченост при нашето училиште се одржа и втората планирана заедничка инклузивна работилница со ученици од Центарот и ученици од ООУ„Христијан Тодоровски Карпош” и ООУ„ Наим Фрашери” кои се дел од проектот „Инклузија на деца со ПОП” во организација на Здружението „Отворете ги прозорците“ од Скопје поддржано од Детската фондација Песталоци. Под мотото ,,ПОЧИТУВАЈ, ПРИФАТИ, ПОДДРЖИ - ТОА Е ПАТОТ ДО ВИСТИНСКА ЕДНАКВОСТ“- ученици од двете училишта и од Центарот за поддршка на учењето преку активности, разговор и примери се

запознаа и стекнаа знаења за родови стереотипи, родова еднаквост, правата, можностите и обврските на момчињата и девојчињата.
- На ден 25.04.2025 година со учениците од V, VI, VII, VIII и IX одделение, како дел од нашите воннаставни активности, организиравме посета на Природонаучниот музеј и Зоолошката градина. Оваа едукативна авантура, не само што нè збогати со нови знаења, туку ни понуди и незаборавни спомени.
- На ден 25 април дел од учениците од нашето училиште го посетија Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје.
Освен прошетката во просториите на институтот, учениците следеа предавање за земјотреси и заштита, а најактивните во предавањето добија и награди. Учениците ја посетија и лабораторијата на иститутот каде следеа тестирање на објект при силен земјотрес.
- Организиран е настан „Le français, c’est façile“ по повод успешното завршување на проектот „Заживување на наставата по француски јазик во земјите од Западен Балкан“.
- Училиштето учествуваше на традиционалниот маскенбал „Батко Ѓорѓија" со групна маска „Печурки" со ученици од I-5 одделение и со групна маска „Црни и бели лебеди-Лебедово езеро" со ученици од I до VI оделение од ПОУ,,Браќа Миладиновци" с.Пчиња.
- Патрониот празник на училиштето е одбележан на 22 мај со свечена приредба под мото „Ризница на нашето културно богатство“ со што е одбележана седумдесет и две годишнина од постоењето на училиштето.

## XI. Следење и унапредување на образовната и воспитната работа

Наставата и другите воннаставни активности беа следени од директорот и стручниот тим преку континуиран увид во планирањата, следење на часови, следење на оценувањето.
Оценувањето е континуиран процес кој трае во текот на целата учебна година. Постојано се следи работата на учениците и се изработуваат инструменти за следење и оценување на нивните постигнати резултати.
Учениците од I, II и III одделение се оценети со описни оценки по сите наставни предмети. Учениците од IV до VI одделение, на крајот на учебната година, се оценети со бројчани оценки и учениците од VII до IX одделение се оценети со бројчани оценки.
На крајот на секој класификационен период, родителите на родителските состаноци се информираат за успехот, редовноста и поведението на учениците.
На крајот на учебната година се издаваат свидетелства и на тој начин родителите се информираат за постигнатиот успех на учениците.

- **Стручното усовршување**

Стручното усовршување на наставниот кадар се одвиваше во континуитет во текот на учебната година. Тимот за професионален развој го следеше и организираше професионалното усовршување на наставниците. Усовршувањето се реализираше преку посета на семинари, активности на стручните активи, следење на стручна литература.

Во текот на оваа учебна година беа посетени следните обуки:

| Ред. бр. | Тема на обука | Време на реализација | Обучувач | Број на наставници |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 1. Институционалниот статус на географијата како образовна и научна дисциплина во британскиот државен систем<br>2. Географија на облиците на владеење и државно уредување<br>3. Квалитетот на наставата и интересот на ученикот за географија<br>4. Третман на бројките во географијата и типови тест прашања | 4 април 2025 | - Проф. д-р Стефан Бужаровски професор на Универзитетот во Манчестер<br>- Доц. д-р Горан Китевски ПМФ Скопје, институт за географија<br>- М-р Анита Тодорова ПМФ Скопје, институт за географија<br>-Проф. д-р Благоја Маркоски ПМФ Скопје, институт за географија | 3 |



ООУ „Браќа Миладиновци“-Куманово
Ул: „Народна Револуција“ бр: 43, 1300 Куманово

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Тимска работа и професионална соработка помеѓу наставниците | 23,24,25 април 2025 | Наставници при ООУ „Крсте Мисирков” (дисиминација) | 2 |
| 3. | Користење на смарт табла | 30.04.2025 | Наставник Бобан Поповски | 2 |
| 4. | Професионален развој на наставниците - Подобрување на тимската соработка на наставниците преку хоризонтално учење | 16.06.2025 | Наставник<br>Фросина Младеновиќ<br>Педагог<br>Сузана Денковска | 2 |
| 5 | Одбележување на светскиот ден на наставникот | 04.10.2025 | Парламентарен институт и НДИ | 2 |
| 6. | Дигитален курс на основно ниво | 25.11.2024 | ЕдуЛаб вебинар | 1 |
| 7. | Дигитален курс на ЕдуЛб - напредно ниво | 10.12.2024 | ЕдуЛаб вебинар | 1 |
| 8. | Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците. | 11.12.2024 | ЕдуЛаб вебинар | 1 |
| 9. | „Превенција и заштита од насилство“ | 17.12.2024 | ЕдуЛаб вебинар | 2 |
| 10. | Развивање и примена на функционална и применлива политика за заштита на деца од злоупотреба и насилство (политика процедура, протокол, упатство) | 16.04.2025 | Александра Петковска | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава (основно ниво) | 2024<br>2025 | ЕдуЛаб вебинар | 17 |
| 12. | Превенција од насилен екстремизам, радикализам и врсничко насилство | 25-26.04.2025 | М-р. Славе Младеновски<br>Претседател на Институт за медијација и консалтинг 4Р | 2 |
| 13. | Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава (напредно ниво) | 2024. | ЕдуЛаб вебинар | 15 |
| 14. | ВИ во наставата. Како да ја интегрираме ВИ во наставата и на што треба да внимаваме | 14.05.2025 | проф Д-р Ристе Тимовски при УГД - Штип и<br>Ирина Иванова | 2 |
| 15. | Инклузивно образование во пракса | 10 Октомври 2024 | ГСИ-Констaлтинг | 4 |
| 16. | Дигитално образование за аутизам и интелектуална попреченост | 16 Ноември 2024 | Конзорциум-иесц -асе | 4 |
| 17. | Примена на ИКТ алатки | 04.12 2024 | Еду-Лаб | 4 |
| 18. | Инклузија на ученици со состојби од аутистичен спектар | 11.12 2024 | ОУРЦ-Иднина | 4 |
| 19. | Тренинг за сајбер безбедност | 24.03.2025 | Валентина Петрова и Марко Палоски | 1 |
| 20 | Применети знаења од превенција и заштита од насилство | 15.05.2025 | ЕдуЛаб вебинар | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21 | „Професионална соработка на наставниците“ ( стручни активи, заедници за учење, менторство ) | 21.08.2024<br>22.08.2024 | Анита Цветковска | 9 |
| 22 | Онлјалн обука на ЗООМ за платформа настава. | 18.09.2024 | / | 5 |
| 23 | Дисиминација на обука „Примена на асистивната технологија како алатка за поддршка на иклузија“ | 14.11.2024 | Оливера Митевска Ѓорѓиевска | 28 |
| 24 | Дигитален курс „Примена на ИТ алатките во секојдневната настава“ (основно ниво) | Декември 2024 | ЕдуЛАб | 15 |
| 25 | Дигитален курс „Примена на ИТ алатките во секојдневната настава“ (напредно ниво) | Декември 2024 | ЕдуЛАб | 2 |
| 26 | „Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците | Декември 2024 | ЕдуЛАб | 5 |
| 27 | „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство - примери на добри пракси“ | Декември 2024 | ЕдуЛАб | 4 |
| 28 | „Промоција на безбедна училишна средина“ | 15.04.2025 | Александара Петровска | 6 |
| 29 | Превенција од насилен екстремизам, радикализам и врсничко насилство | 11-12.04.2025 | Центар за толеранција и доживотно учење | 2 |
| 30 | Професионална соработка на наставници – стручна служба, менторство | Ноември 2024 | ЦЕС академија и министерство за образование | 15 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 31 | Поддршка на јазици- РОУДМАП | 3-4.10.2024 | Совет на Европа, Европски центар за модерни јазици | 5 |
| 32 | Имплементација на вештачка интелигенција | 08.02.2025 | ЕЛТАМ | 3 |
| 33 | Превенција од радикализација на врсничко насилство | 10.09.2024 | Центар за толеранција и доживотно учење | 3 |
| 34 | Свесно поучување- стратегии за информиран пристап кон различен облик на траума | 04.06.2025 | Асоцијација на наставници по англиски јазик | 2 |
| 35 | Обединети во различностите | 17.12 2024 | Здружение на наставници | 5 |
| 36 | Зајакнување на техники на читање со разбирање | 09.05.2025 | Издавачка куќа EXPRESS PUBLISHING | 3 |
| 37 | Настава и учење во 21 век, создавање иновативни училишта, подготвување на ученици за 21 век | Август, 2024 | CES Академија | 20 |
| 38 | Обука на настава по новата концепција | Јуни 2024 | БРО и МОН | 2 |
| 39 | Настава за развивање критичко мислење кај учениците | 02.07.2024 | Михаило Марковиќ | 4 |
| 40 | Планирање на реализацијата на наставната програма за 6, 7 одд. | 26.08.2024 | БРО, МОН | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 41 | Обука на ZOOM за националната платформа | 18.09.2024 | БРО, МОН | 1 |
| 42 | Професионално усовршување на методика на час по предметот танци и организација на атлетски натпревари и судиски правила | 12.05.2025 | Општински сојуз на училишен спорт | 20 |
| 43 | Професионална соработка на наставници – стручна служба, менторство | Ноември 2024 | ЦЕС академија и министерство за образование | 15 |
| 44 | Обука за пливање за непливачи и за ученици со посебни образовни потреби | 29.11 и 20.12.2024 | Игор Димовски | 30 |
| 45 | Средба за новиот СИП во петто одделение | 16.06.2025 | БРО,МОН | 35 |
| 46 | Обука на настава по новата концепција | Јуни 2024 | БРО и МОН | 2 |
| 47 | Професионална соработка на наставниците од Подрачјето Професионален развој и професионална соработка на основни професионални компетенции | Ноември 2024 | ЦЕС академија и Министерство за образование | 15 |
| 48 | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | 24.06.2024 25.06.2024 | Академија Ц.Е.С. | 1 |
| 49 | Планирање на реализацијата на наставната програма за 6 и 7 одд. | 04.07.2024 | БРО, МОН | 1 |
| 50 | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата, од подрачјето поучување и учење | Јуни 2024 | ЦЕС Академија | 20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 51 | Обука за настава по Ликовно образование по новата концепција | Јуни 2024 | БРО и МОН | 2 |
| 52 | Превенција и заштита од насилство | 15.06.2025<br>27.03.2025 | СмартАП-Лабораторија | 7 |
| 53 | Професионално усовршување на методика на час по предметот танци и организација на атлетски натпревари и судиски правила | 12.05.2025 | Општински сојуз на училишен спорт Куманово | 1 |
| 54 | Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците | 21.08.2024 | / | 1 |
| 55 | Обука за 5 и 6 одделение, нова концепција по ФЗО | 29.08.2024 | Марјан Бошалески | 1 |
| 56 | Методика на обука и примена во наставниот час по предметот Танци од ФФОСЗ | 12.05.2025 | Влатко Павлевски | 1 |
| 57 | Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра практика за создавање на позитивна работна атмосфера во училница и онлајн/виртуелна училница | 27. 06.2024 | БРО | 1 |
| 58 | Работна средба за планирање на наставната програма по Германски јазик за шесто одделение според новата Концепција за основно образование | 29.08.2024 | МОН, БРО | 1 |
| 59 | „Планирање и реализација на настаавата по физика согласно новите наставни програми за седмо одделение“ | 18.06 2025 | Маре Бојческа Савеска | 7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 60 | Планирање и реализација на наставата по математика согласно новите наставни програми за седмо одделение | 02.07 2025 | БРО,МОН | 3 |
| 61 | Планирање и реализација на наставата по Хемија во VII одд. според новата концепција за основно образование и новата наставна програма по Хемија за VII одд. | 19.06.2025 | Лидија Гиноска | 2 |
| 62 | ЕДУЛАБ вебинар-Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците. | 11.12.2024 | Едулаб | 10 |
| 63 | ЕДУЛАБ вебинар-Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси. | 17.12.2024 | Едулаб | 10 |
| 64 | „Планирање и реализација на наставата по биологија во VII (седмо) одделение според новата концепција за основно образование и новата наставна програма по биологија за VII одделение“. | 25.06.2025 | Наталија Ацеска | 2 |

## XII. Планирање и реализација на работата на органи на управување, стручните органи и тела, директор, пом. директор и стручните соработници

**Училишен одбор** – е составен е од седум членови и тоа: три члена претставници од наставниците и стручните соработници, три члена претставници од редот на родителите односно старателите на учениците и еден член претставник од основачот односно Општина Куманово. На состаноците учествуваа и двајца претставници на Ученички парламент. Во текот на годината реализирани се шест состаноци на кои се разгледуваа значајни прашања во работата на училиштето. Училишниот одбор донесува и предлага одлуки, разгледува и одобрува извештаи за работа на училиштето и други работи утврдени со Статутот на училиштето.

**Наставнички совет** – го сочинуваат сите наставници кои реализираат настава во училиштето и стручните соработници и го свикува директорот. Во текот на учебната година одржани се пет состаноци на Наставнички совети на кои се разгледуваше успехот, редовноста и поведението на учениците по класификациони периоди и значајни прашања од воспитно-образовниот процес.

**Стручни активи** – Во училиштето има пет стручни активи кои работеа според изготвени Годишни програми, реализираа содржини кои овозможуваат стручно усовршување на наставниците со цел осовременување на наставата, примена на стандардите за оценување, корелација со други предмети, работа со надарени ученици и вклучување на натпревари. Работата на Стручните активи може да се согледа од записниците и нивните извештаи.

Стручниот актив на **природна група предмети** го сочинуваат 14 предметни наставници по: математика, биологија, хемија, физика, техничко образование и информатика. Беа одржани 8 состаноци и на овие работни средби беа опфатени, разработени и презентирани разни теми, како презентации на наставни часови, дисеминации од обуки, презентации на истражувања, презентации на релизирани вонтаставни активности, обуки за професинален развој итн. За секоја работна средба е изготвен извештај во кој подетално е објаснета работата на стручниот актив.
Врз основа на добра соработка, одговорна работа и корелација помеѓу предметните наставници, постигнати се солидни резултати од страна на учениците при учество на натпревари и освоени се повеќе награди.

Стручниот актив на **јазично-естетското подрачје** го сочинуваат предметните наставници по македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, италијански јазик, француски јазик, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование. Реализирани се 11 состаноци на кои беа обработени триесет и осум содржини.
На состаноците се разгледаа повеќе теми чии цели беа подобрување на работата на активот преку навремено изготвување на годишно и месечно планирање според однапред избран учебник, стекнување со знаења за изработка на

дигитални содржини. Се работеше на подобрување на квалитетот на наставата преку ефективно одржување на часови и мотивирање на учениците за учење и развивање на меѓусебна соработка. Посебен акцент беше ставен на афирмирање на училиштето преку учество на натпревари, конкурси и манифестации.

Стручниот актив на **општествени науки** го сочинуваат предметите: географија, историја, граѓанско образование, етика на религии, природни науки, истражување на родниот крај и етика. Активот работеше согласно изготвената програма и беа планирани 8 теми од кои сите се реализирани.
Се работеше на следните теми: надареност, креативност, талент, генијалност, вештини на раскажување и активности на учениците во циклусот на учење, кооперативно учење, иновативни методи во настава, беше изработена презентација по предметот географија и примена на техника „Вртелешка”.
Наставниците преку своите теми извршија презентирање и разменување на искуствта од реализација на нивните часови. Беа разработени и наставни техники и принципи за оценување на ученици, се разгледаа принципите на кооперативното учење, сложеноста на прашањата во писмена или усна форма, како и иновативните и современи методи и форми на настав.
Со работата на овој актив се постигнаа поставените цели и се направи чекор кон осовременување и модернизирање на наставата.

Стручниот актив во **посебни паралелки** го сочинуваат дефектолозите кои работат во посебните паралелки. Темите кои се обработуваа беа: внесување на нови идеи за работа во посебни паралелки, а со тоа и подобрување на рехабилитацискиот третман и воспитно-образовниот процес со ученици со посебни образовни потреби. Во текот на годината ги обработија следните теми: инклузивно планирање на наставни часови, изготвување на наставни средства при работа со АББА техника, инклузија на ученици со аутистичен спектар, редукација и психомоторика кај ученици со первезивни нарушувања
Посебен акцент се стави на размена на идеи и искуства и нивна примена во наставата и воспитно-образовниот процес.

Стручниот актив на **одделенски наставници** е составен од одделенски наставници од прво до петто одделение и работеше според однапред изготвена програма.
Беа реализирани повеќе активности насочени кон успешно спроведување на настава. Наставниците соработуваа при изработка на наставните програми и реализирање на вонnаставните активности.
Посебен акцент беше ставен на следење на иновациите во образованието и едукација и професионален развој на наставниот кадар преку следење на обуки и стручни предавања. Наставниците се едуцираа за професионално изведување на воспитно образовната работа преку едукација за примена на современи форми,

методи  и техники во работата - активно учење и настава. Се обрна внимание на подопрување на работата и оценување на ученици со посебни образовни потреби преки едукација на наставен кадар.
Беа одбележани значајни датуми во текот на годината и активно учествуваа на натпревари, манифестации постигнувајќи високи резултати со што го промовираа училиштето во општината и пошироко.

**Советот на родители** е составен од 63 членови претставници на секоја паралелка во училиштето. Оваа учебна година беа одржани пет состаноци. На крајот на секој класификационен период е разгледуван успехот, поведението и редовноста на учениците и беа давани предлози за нивно подобрување. Советот на родители учествуваше во севкупниот живот на училиштето и беа разгледувани значајни прашања од воспитно образовниот процес. Активно даваше поддршка на сите активности во училиштето со свои идеи и залагања.

**Директорот на училиштето** својата работа ја насочи кон организирање на севкупната работа на училиштето во организација и реализација на воспитно-образовната и стручната работа и во обезбедувањето на најоптимални услови за нормално изведување на наставата. Поставените цели и задачи  ги остварува во согласност со законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година која е појдовна основа за успешна реализација на планирањата за оваа учебна година. Ја следеше и организираше реализацијата на наставниот процес преку посета на наставни часови и увид во реализацијата на дадените наставни планови и програми и планирањата од наставниците. Го следеше напредувањето и оценувањето на учениците по класификациони периоди. Ја потикнуваше рабората на наставниците и стручните соработници при подобрување на климата за работа и намалување на врсничкото насилство преку  следење, насочување и непосредно учество во реализацијата на индивидуалните и групни форми на советодавна работа со родителите и учениците.
Посебен акцент стави на изготвување на проекти за подобрување на условите за работа во училиштето и подобрување на квалитетот на наставата. Соработува со институциите преку следење и спроведување  на насоки дадени од МОН, БРО и ДПИ. Соработува со сите структури вклучени во наставниот процес преку учество во работата на сите стручни органи и тела, тимови и комисии во училиштето.

**Помошник директорот** во текот на годината работеше според претходно изготвена програма.Ја следи и унапредува воспитно-образовната работа на училиштето преку посета на часови, увид во педагошка евиденција и документација и работата на наставниците и стручните соработници.
Ја координира работата на училишните тимови  при изготвување на значајни документи на училиштето.



ООУ „Браќа Миладиновци“-Куманово
Ул: „Народна Револуција“ бр: 43, 1300 Куманово

Соработува со институции од локалната заедница при реализирање на проектни активности, обуки, учество на манифестации и конкурси. Соработуваше со наставниците, стручната служба при надминување на секој облик на несоодветно однесување.
Работи како поддршка и координирање на работата на Советот на родители и соработува со родителите при решавање на проблеми со учениците.

**Наставник ментор** реализираше активности од воспитно-образовна и професионална работа на училиштето и менторирање на наставник –приправник. Преку работата на наставникот ментор зголемени се компетенциите на наставниците за реализација на наставата и на стручните соработници за подршка на воспитно-образовниот процес. Зголемена е професионалната соработка меѓу наставниците и нивниот професионален развој преку континуирани обуки. Со потикнување на професионалниот развој на наставниците подобрен е квалитетот на наставата и успехот на учениците.

**Стручниот соработник-педагог** работи на повеќе подрачја и ги реализира содржините од истите.
Прво подрачје на кое работи е планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната работа во училиштето. Во ова подрачје реализирани се повеќе содржински целини како што се: изготвување на Годишни програми за работа на училиштето, Извештаи за работа на училиштето и изготвување на програми и извештаи за сопствената работа.
Континуирано врши анализи на успехот, редовноста и поведението на учениците.
Работеше на надминување на потешкотиите и утврдување на факторите кои влијаат на намалување на успехот во одредени паралелки и разрешување на конфликти преку советодавна работа. За подобрување на климата во паралелките и надминување на конфликтни ситуации реализираше работилници од областа на конфликти, врсничко насилство и правилно користење на слободното време.
Ги следи сите видови планирања на наставниците и реализација на истите преку увиди на часови. Учествуваа во работата на инклузивниот тим преку идентификација на ученици со посебни образовни потреби, поддршка на наставниците и родителите и индивидуална работа со инклузирани ученици.
Работи како координатор на МИО активности кои се реализираат во соработка со ООУ „Бајрам Шабани“-Куманово.
Работи како поддршка на работата на Советот на родители. Во континуитет соработува со наставниците приправници давајќи им помош во планирањата, подготовките и реализација на наставните содржини. Учествуваше на повеќе семинари за сопствено стручно усовршување.

**<u>Стручниот соработник-психолог</u>** учествува во изготвување на Годишни програми за работа на училиштето, Извештаи за работа на училиштето и изготвување на програми и извештаи за сопствената работа.
Ја следи реализацијата на воспитно-образовната работа преку следење на напредувањето на учениците и анализи на успехот, редовноста и поведението на учениците. Работи на надминување на потешкотиите и утврдување на факторите кои влијаат на намалување на успехот во одредени паралелки и разрешување на конфликти преку советодавна работа. За подобрување на климата во паралелките и надминување на конфликтни ситуации реализираше работилници од областа на конфликти, емоции и врсничко насилство.
Учествува во работата на инклузивниот тим преку идентификација на ученици со посебни образовни потреби, поддршка на наставниците и родителите и индивидуална работа со инклузирани ученици.
Учествува во реализирање на МИО активности во соработка со ООУ „Бајрам Шабани“-Куманово. Реализираше индивидуални и групни советодавни разговори со родители на ученици кои нередовно посетуваат настава и имаат намален успех во учењето.
Учествува во работата на Советот на родители. Учествуваше на повеќе семинари за сопствено стручно усовршување.

Според годишната програма на **<u>стручниот соработник-библиотекар</u>** –опфатени се сите содржини и активности предвидени во програмата: инвентирање, потпечатување, сместување и друга техничка обработка.
Врши евиденција на сите книги во библиотеката за полесен увид во целокупниот книжен фонд и секојдневно позајмување на книги и прибирање на прочитаните и свечено зачленување на учениците од прво одделение.
Соработува со наставниците за набавка на новоиздадени книги, лектири, списанија. Изготвува пофалници и дипломи за ученици со постигнати најдобри резултати на училишните натпревари како и дипломи и пофалници за истакнати ученици во паралелка и ученик на генерација.
Обезбедува бесплатни учебници за учениците преку организирање на соодветна размена по одделенија во соработка со одделенските наставници.
Координатор е на проектот „Безбедни училишта“ во соработка со МВР Куманово.

Како член на стручниот тим **<u>социологот</u>** на училиштето работеше на следниве задачи: истражување на социо-економскиот статус на учениците од прво одделение, спроведува протокол за следење на развој на децата од прво одделение и врши советодавна работа со родители и ученици.
Работеше на професионална ориентација на ученици од деветтите одделенија (спроведување на програмата и анкета за испитување на желбите и интересот на учениците за запишување во средните училишта). Спроведува анкета за избор на понудените изборни предмети од четврто до деветто одделение, како и изборна

втор странски јазик за ученици од шесто одделение. Ја спроведува Еко-програмата. Работеше на реализирање и следење на активности од антикорупциска едукација. Социологот на училиштето учествува во работата на Ученички парламент.

**Стручниот соработник-дефектолог** имаше за задача да го спроведува инклузивното образование во соработка со инклузивниот тим за ученици со посебни образовни потреби. Ги спроведе следните задачи: идентификација на ученици со посебни образовни потреби и нивна дефектолошка функционална проценка, поддршка на наставниците што се сретнуваат со децата со посебни образовни потреби во училиштето, изработка на индивидуални образовни планови. При тоа вршеше консултации за постигнувањата на учениците, за планот за работа со учениците и потребата од промена на работата по прилагодена посебна програма.
Индивидуална работа со ученици со посебни образовни потреби беше неопходна при што беа организирани консултативни состаноци со родители на ученици со посебни образовни потреби и советодавна работа за понатамошно иследување и работа со учениците.
Беше вклучен во размена на искуства, литература и инструкции за работа со ученици со посебни потреби, предлагање и изработка на дидактички материјал со предметните и одделенските наставници.

Во Центарот за поддршка на учењето на учениците со попреченост во училиштето работеа двајца стручни соработници **специјални едукатори и рехабилитатори.**
Дефектолошка поддршка добија 28 инклузирани ученици организирана според препорака од Стручното тело за функционална попреченост по МКФ. Од вкупно 28 ученика кои имаа дефектолошка помош во Центарот за подршка со 23 се работеше по индивидуален образове план и со 5 по модифицирана програма.

Стручните соработници-**специјални едукатори и рехабилитатори** работеа во просториите на посебните паралелки во училиштето. Работеа и со ученици кои имаат потешкотии во говорот, во читањето и пишувањето и со ученици од посебни паралелки. Работата со учениците се изведува групно и индивидуално. Со индивидуални третмани беа опфатени 24 ученици со препорака на МКФ и 14 ученици од посебни паралелки.
Вработените спроведуваа советодавни разговори со родителите со тоа што им даваа напатствија и вежби за работа во домашни услови со учениците и ги информирааза постигнатите резултати во текот на годината.

## XIII.Успех на учениците на крајот на учебната година, бројна положба, изостаноци и поведение во редовна настава

| УЧЕБНА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|
| 2021/22 година | 1231 |
| 2022/23 година | 1254 |
| 2023/24 година | 1240 |
| 2024/25 година | 1196 |

Бројот на ученици на ниво на училиште изнесува 1196 ученици. Од вкупно 1196 запишани ученици: 621(51,92%) се машки и 575(48,08%) се женски.
Бројот на ученици од македонска националност е доминантен со 88,29% од вкупниот број на ученици или 1056 ученика.
Ученици од српска националност се 71 или 5,94%, од ромска националност е 53 или 4,43% и од друга националност има запишано 16 ученика или 1,34%.

**-Анализа на успех, редовност и поведение во редовни паралелки**

Бројот на ученици од I - III одд. изнесува 399, истите се оценети со описни оценки и преовладуваат оценки од високо ниво.

- **Табела на прикажан среден успех по одделенија**

| СРЕДЕН УСПЕХ ПО ОДДЕЛЕНИЈА | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | одлични | во % | мн. добри | во % | добри | во % | доволни | во % | среден успех |



ООУ „Браќа Миладиновци“-Куманово
Ул: „Народна Револуција“ бр: 43, 1300 Куманово

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **IV** | 120 | 107 | 89,17 | 8 | 6,67 | 3 | 2,50 | 2 | 1,67 | 4,83 |
| **V** | 154 | 128 | 83,12 | 19 | 12,34 | 7 | 4,55 | | | 4,77 |
| **VI** | 133 | 79 | 59,40 | 41 | 30,83 | 13 | 9,77 | | | 4,50 |
| **вк IV-VI** | **407** | **314** | **77,15** | **68** | **16,71** | **23** | **5,65** | **2** | **0,49** | **4,70** |
| **VII** | 127 | 66 | 51,97 | 36 | 28,35 | 25 | 19,69 | | | 4,32 |
| **VIII** | 115 | 57 | 49,57 | 28 | 24,35 | 27 | 23,48 | 3 | 2,61 | 4,21 |
| **IX** | 120 | 48 | 40,00 | 44 | 36,67 | 27 | 22,50 | 1 | 0,83 | 4,16 |
| **вк VII-IX** | **362** | **171** | **47,23** | **108** | **29,83** | **79** | **21,82** | **4** | **1,10** | **4,23** |
| **ВКУПНО** | **769** | **485** | **63,07** | **176** | **22,89** | **102** | **13,26** | **6** | **0,78** | **4,48** |

- **Графички приказ на успехот на учениците**




- Во IV одделение има 120 ученика од кои: одлични се 107, мн. добри 8, добри 3 и доволни 2 .Среден успех изнесува 4,83;
- Во V одделение има 154 ученика од кои: одлични се 128, мн. добри 19, добри 7 ученици.Со среден успех 4,77;
- Во VI одделение има 133 ученика од кои: одлични се 79, мн. добри 41, добри 13 . Среден успех изнесува 4,50.
- Во VII одделение има 127 ученика од кои: одлични се 66 , мн.добри 36, добри 25 ученици. Среден успех изнесува 4,32.
- Во VIII одделение има 115 ученика од кои: одлични се 57, мн.добри 28, добри 27 и доволни 3 ученици.Среден успех изнесува 4,21.
- Во IX одделение има 120 ученици, од кои: одлични се 48, мн.добри 44, добри 27 и доволни 1. Среден успех изнесува 4,16.

На ниво на училиште од IV до IX одделение, одлични се 485, мн.добри 176, добри 102, доволни 6 ученици, средениот успех изнесува 4,48.
Еден ученик од второ одделение е задржан во исто одделение со одлука донесена на Наставнички совет. Останатите ученици го завршуваат одделението.

- **Табеларен приказ на успехот на учениците според полова припадност**

| СРЕДЕН УСПЕХ ПО ПОЛ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одлични | многу добри | добри | доволни |
| МАШКИ | 230 | 92 | 74 | 4 |
| ЖЕНСКИ | 255 | 84 | 28 | 2 |

- **Графички приказ на успехот на учениците според полова припадност**




Од табелата може да се констатира дека бројот на одлични ученици е поголем кај женски ученици. Бројот на многу добри, добри и доволни ученици е поголем кај учениците од машки пол.

- **Табеларен приказ на среден успех прикажан по учебни година**

| СРЕДЕН УСПЕХ ПО ГОДИНИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 | 2021/22 | 2022/23 | 2023/24 | 2024/25 |
| 4,38 | 4,48 | 4,53 | 4,54 | 4,58 | 4,48 | 4,53 | 4,46 | 4,48 |

Средниот успех во однос на минатата учебна година има незначително зголемување..

- **Табеларен приказ на успехот по одделенија**

| РАНГ ТАБЕЛА НА СРЕДЕН УСПЕХ ГЕНЕРАЦИСКИ | | |
|---|---|---|
| Р.Б. | ОДДЕЛЕНИЕ | Ср.успех |
| 1 | IV | 4,83 |
| 2 | V | 4,77 |
| 3 | VI | 4,50 |
| 4 | VII | 4,32 |
| 5 | VIII | 4,21 |
| 6 | IX | 4,16 |

Највисок среден успех постигнале учениците од одделенска настава од IV одделение.

- **Табеларен приказ на успехот на учениците прикажан по класификациони периоди**

| **Среден успех по одделенија на крај на учебната 2024/25 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I к.п. | полугодие | III к.п. | КРАЈ |
| ПРОСЕК ВО VII | 3,74 | 3,88 | 3,88 | 4,32 |
| ПРОСЕК ВО VIII | 3,66 | 3,85 | 3,90 | 4,21 |
| ПРОСЕК ВО IX | 3,72 | 3,84 | 3,76 | 4,16 |

Средниот успех по одделенија споредено по класификациони периоди се зголемува.

- **Табеларен приказ на изостаноци на учениците**

| Изостаноци на крај на учебната 2024/25год. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вк..учен | оправдани | неоправдани | **вкупно** | по ученик |
| **ВКУПНО** | **1168** | **38294** | **1400** | **39694** | **33,98** |

Учениците од редовна настава направиле вкупно 39 694 изостаноци од нив 38294 се оправдани и 1400 се неоправдани или 33,98 по ученик. Во однос на минатата учебна година се зголемува вкупниот број на изостаноци.

- **Табеларен приказ на изостаноци на учениците прикажан по учебни години**

| ИЗОСТАНОЦИ ПО ГОДИНИ | |
|---|---|
| **2021/22** | **16988** |
| **2022/23** | **22080** |
| **2023/24** | **30302** |
| **2024/25** | **33694** |

Поведението на учениците на крајот на годината беше оценето примерно освен кај двајца ученици на кои поведението е намалено на добро. Изречени се вкупно 51 педагошки мерки, 34 усни опомени, 11 писмена опомени, 3 укори и две намалени поведенија на добро.

Во **посебни паралелки** има вкупно 28 ученици од нив 16 машки и 12 женски. Во III одделение има 3 ученика кои се оценети описно. Од IV-IX одделение

има 25 ученици кои се оценети со бројчани оценки од кои се 10 одлични, 4 мн.добри, 6 добри и 4 доволни ученици. Еден ученик од деветто одделение го повторуваше одделението. Учениците од IV до IX одделение имаат постигнато среден успех 3,98 .
Направени се вкупно 819 изостаноци од нив 709 оправдани и 110 неоправдани, или 29,25 изостаноци по ученик. Сите ученици се оценети со примерно поведение.

## XIV. Педагошка евиденција и документација

Училиштето води педагошка евиденција и документација во континуитет преку постојани увиди од страна на директорот, помошник директорот и стручните соработници, со укажување на пропустите и преземање на соодветни мерки за правилно водење на педагошката документација.

Педагошката евиденција и документација беше предмет на следење на Државниот просветен инспекторат, кој беше задоволен од начинот на водење на истата.

## XV. Заклучоци

1.Во училиштето се изведува воспитно образовната работа со примена на современи форми и методи, примена на ИКТ, интегрирање на еколошки содржини и меѓуетничка интеграција, реализација на животни вештини на одделенски час, како и реализација на вонаставни активности.
2.Наставниот кадар ја осовременува наставата и професионално се усовршува преку посета на семинари и обуки.
3.Наставата е реализирана успешно според наставниот план и програми.
4.Во училиштето активно работи училишниот парламент со активно учество на проекти.
5.Училиштето учествуваше на повеќе натпревари и беа освоени високи резултати од страна на учениците со поддршка од нивните наставници ментори.
6.Преку учество во проекти и донации во училиштето се реновираа оделни објектите и се подобрија условите за работа преку обезбедување на нагледни средства.

Претседател на УО — Директор

_________________ — _________________

Филип Саревски — Јасминка Спасовска